Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 107, 15 август 2013 година

август 2013 година
Штип

**С О Д Р Ж И Н А**

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во наставно-научно звање насловен доцент во наставно-научната област право на Европската унија на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во наставно-научно звање насловен доцент во наставно-научната област право на Европската унија на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 14

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област земјоделско инженерство на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 22

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научната област фитопатологија на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 30

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Системи на квалитет и стандарди“ (скрипта) од авторот д-р Елизабета Митрева и коавторот м-р Сашка Голомеова од Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 36

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Нега на текстил“ од авторот доцент д-р Киро Мојсов од Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 40

**РЕЦЕНЗИЈА** на „Практикум по предметот Казнено право применета програма“ од д-р Олга Кошевалиска, асистент на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 42

**РЕЦЕНЗИЈА** на „Скрипта по предметот Казнено право применета програма“ од д-р Олга Кошевалиска, асистент на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 44

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракопис на скрипта со наслов „Молекуларна биологија со генетика“ од доц. д-р Дарко Бошнаковски, Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 46

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракопис на практикумот со наслов „Молекуларна биологија со генетика“ од доц. д-р Дарко Бошнаковски, асс. м-р Мишко Милев и асс. м-р Марија Караколевска - Илова, Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 49

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за скрипта „Ортодонција 1“ од доц. д-р Стипица Поповски и асс. д-р Ана Радеска, Факултет за медицински науки, стоматологија, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 51

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за практикумот „Ортодонција 1“ од доц. д-р Стипица Поповски и асс. д-р Ана Радеска, Факултет за медицински науки, стоматологија,Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 54

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 56

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПРАВО НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА НА ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" – ШТИП

Со Одлука бр. 1602-81/5, донесена на 87. седница на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип, одржана на 14.5.2013 година, формирана е Рецензентска комисија за избор на двајца наставници во наставно-научно звање насловен доцент за научната област *право на Европската унија* на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, во следниот состав:

– доц. д-р Љупчо Сотироски, доцент на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип (претседател),
– проф. д-р Јован Ананиев, вонреден професор на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип (член),
– доц. д-р Борка Тушевска, доцент на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип (член)

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневните весници „Дневник" и „Лајм" на 30.4.2013 година и во предвидениот рок се пријавиле кандидатите д-р Розета Карова и д-р Марко Бота. Врз основа на пријавата и доставената документација и нивното разгледување, Рецензентската комисија до Наставно-научниот совет на Правниот факултет на 8.7.2013 година го поднесе следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На распишаниот Конкурс, објавен во дневните весници „Дневник" и „Лајм" на 30.4.2013 година, на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип за избор на двајца наставници во насловно звања доцент за наставно-научната област област *право на Европската унија* се пријавиле кандидатите д-р Розета Карова и д-р Марко Бота.

***Кандидатката д-р Розета Карова ги приложи следниве документи:***

– пријава;
– диплома за докторат на полето на правните науки (три копии заверени на нотар);
– кратка биографија (во четири примероци);
– потврда за познавање на англиски јазик (заверена на нотар);
– список на објавени научни и стручни трудови;
– примерок од сите наведени трудови;
– примерок од докторска дисертација на тема "Energy Community: Liberalization of the Electricity Markets and Public Service Obligation in the Energy Community";
– примерок од магистерски труд на тема "Privatization of the Electricity Sector in the Republic of Macedonia: Is this a Step Towards Real Liberalization of the Electricity Market in the Country in Accordance with the EC Law?";
– уверение за државјанство;
– копија од Конкурсот.

***Биографски податоци***

Кандидатката **д-р Розета Карова** е родена на 25 февруари 1981 година во Кочани, Република Македонија, каде што го завршила основното и средното образование.

Во учебната 1999 година се запишала на Правниот факултет „Јустинијан Први», Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на додипломски четиригодишни студии, кои

ги завршила во 2003 година со крајна оценка: 9,54 / 10 (*magna cum laude*), на Правна насока (главни предмети во областа на граѓанско право) и се стекнала со звањето дипломиран правник.

Во 2005 година, кандидатката се запишала на постдипломските студии на Универзитетот во Лајден, Правен факултет (Холандија), на студиите по европско бизнис право. Во студиската програма обработува осум интензивни предмети фокусирани на слободите на движење во ЕУ и право на конкуренција. Во 2005 година се стекнала со звање магистер по право со одбрана на магистерска дисертација насловена како "Privatization of the Electricity Sector in the Republic of Macedonia: Is this a Step Towards Real Liberalization of the Electricity Market in the Country in Accordance with the EC Law?".

Во септември 2007 година, кандидатката пријавува докторат на Правниот факултет на Европскиот универзитетски институт, Правен отсек, во Фиренца (Италија), а во 2011 година ја брани докторската теза насловена "Energy Community: Liberalization of the Electricity Markets and Public Service Obligation in the Energy Community" и со тоа се стекнала со научното звање доктор по правни науки.

***Работно искуство***

Кандидатката Розета Карова започнала со работа во 2003 год. година како волонтер во Јавното правобранителство на Република Македонија за подрачјето на Кочани. Во 2005 година како овластен претставник на трговско друштво во трговски преговори. Во 2006 година извршува работни задачи во Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија, како правен советник со договор на дело.

Во 2009 година работи како стажант во Секретаријатот на енергетската заедница во Виена, Австрија, меѓународна организација, на работни задачи истражување и анализирање на имплементацијата на обврските за јавни услуги во областа на енергетиката во земјите-членки на Енергетската заедница и соласност на националните мерки со европското законодавство.

Кандидатката Карова има реализирано тренинг во Енергетската регулаторна регионална асоцијација (ERRA) и Централен европски универзитет (CEU), Будимпешта и Фирентинска школа за регулација (FSR), Европски универзитетски институт (EUI) во Фиренца (Италија).

Кандидатката Карова зборува македонски, англиски, италијански, бугарски, српски и хрватски јазик. Се служи со компјутерски вештини (Microsoft Windows, Word, Excel, Internet Explorer, Outlook Express).

Во периодот септември 2005/септември 2006 година добива целосна стипендија за покривање на школарина и животни трошоци за магистратура по европско бизнис право (LL.M.) во Холандија од страна на Владата на Република Македонија во соработка со NUFFIC (Netherlands Organization for International Cooperation in Higher Education.

Во текот на академските 2008 и 2009 година, кандидатката е корисник на стипендии од SOROS, Global Supplementary Grants Program, во периодот септември 2007 – август 2011 година добива стипендија за докторски студии во Италија, од страна на италијанското Министерство за надворешни работи.

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Професионалните ангажмани и научноистражувачкиот интерес кандидатката Карова го покажува во сферата на енергетското право, како правник специјализиран во оваа област со посебен акцент на теми од имплементацијата и следење на мерките усвоени за имплементација на правото на Енергетската заедница од страна на земјите-членки, спроведување на енергетското законодавство преку процес на резолуција на конфликти, аналитички и правни истражувања и пишување извештаи. Кандидатката работи во Секретаријатот на енергетската заедница во Виена, Австрија.

***Список на објавени научни и стручни трудови - монографија***

– *KAROVA, R. Liberalization of Electricity Markets and Public Service Obligations in the Energy Community, ISBN/ISSN 9041138498, Kluwer Law International, February 2012*

Во фокусот на овој труд е либерализација на пазарите на електрична енергија во Југоисточна Европа (ЈИЕ) и формирање на Енергетската заедница во 2005 година меѓу Европската унија и земјите од ЈИЕ. Тој го анализира извозот на европското acquis за електрична енергија во рамките на процесот на проширување и воспоставување на регионален пазар на електрична енергија во ЈИЕ. Појдовна точка е оценка на соодветноста на европскиот модел на либерализација на пазарите на електрична енергија за земјите од ЈИЕ. Посебен акцент е ставен на употребата на обврските за јавни услуги во земјите од ЈИЕ и нивното влијание на либерализација на пазарот за електрична енергија.

Наодите во оваа книга ја потврдуваат работната хипотеза дека ЕУ постепено признава дека либерализацијата на поранешните јавни услуги не може да се постигне без два основни елементи кои досега беа во голема мера запоставени: силна социјална политика загарантирана со доктрината за снабдување со универзални услуги и заштитни мерки за да се гарантира безбедноста на снабдувањето со електрична енергија.

***Трудови во рецензирани академски списанија***

– *KAROVA, R., Capacity Reservations at Interconnectors: An Analysis under EU Competition and EU Energy Law, Competition and Regulation in Network Industries, Volume 13, No.3, 2012*

*Овој труд ја анализира резервацијата на капацитет на интерконекторите како регулаторна* мерка во земјите-членки на ЕУ и земјите-потписнички на Договорот за основање на Енергетска заедница. Оваа мерка е анализирана според правилата за заштита на конкуренција, како и според енергетското законодавство. Иако овие мерки се усвојуваат со легитимна цел за обезбедување на сигурност на снабдувањето со електрична енергија, тие се спротивни на принципот на недискриминација и ја загрозуваат прекуграничната трговија со електрична енергија и воспоставувањето на регионален пазар на електрична енергија. Овој труд ги анализира и можностите за оправдување на овие мерки како обврска за јавна услуга доколку истите ги задоволуваат строгите услови предвидени со член 3 од Директивата 2003/54/ЕК и одлуките на Судот на правдата од Луксембург.

– *KAROVA, R. Book review - Jean-Michel Glachant, Dominique Finon and Adrien de Hauteclocque (Eds.), Competition, Contracts and Electricity Markets: A New Perspective, Cheltenham: Edward Elgar, 2011 in Common Market Law Review, Vol. 49 No. 3, June 2012, pp. 1255-1258*

*Овој труд претставува рецензија и анализа на книга која ги анализира долгорочните* договори од областа на електричната енергија според правото за заштита на конкуренција и од економски аспект.

– *KAROVA, R. Understanding the Public Service Obligation in the Electricity Sector: Lessons for the Contracting Parties of the Energy Community Treaty, European Energy Journal, Vol. 2, Issue 1, 2012, pp.53-63*

*Овој труд нагласува дека европското* acquis за електрична енергија не бара од земјите-потписнички на Договорот за основање на Енергетска заедница само да го либерализираат својот пазар на електрична енергија, туку им дава можност да обезбедат исполнување на јавните услуги преку наметнување на обврски од јавен интерес. Сепак, овој труд истакнува дека сегашното разбирање на обврските од јавен интерес во земјите-потписнички не е во согласност со условите предвидени со член 3 од европската Директива за електрична енергија. Затоа, трудот вклучува препораки и предлози за воведување на обврска за известување за секоја обврска од јавен интерес што земјите ќе ја наметнат на компаниите, што би им помогнало на договорните страни да го подобрат своето разбирање на обврските од јавен интерес во согласност со правото на ЕУ. Со тоа ефективно ќе ја заштитат достапноста на јавните услуги во секторот на електрична енергија на своите граѓани без да ја загрозат либерализацијата на пазарот на електрична енергија.

– *KAROVA, R. Regional Electricity Markets in Europe: focus on the Energy Community, Utilities Policy, 19, 2011, pp.80-86*

*Регионални пазарите на електрична енергија (РЕМ) се природен чекор кон создавање на* единствен европски пазар на електрична енергија. Постојат седум такви РЕМ кои како регионални иницијативи (ЕРИ) се иницирани од страна на Европската група на регулатори за електрична енергија и гас (ЕРГЕГ). Во фокусот на овој труд е осмиот РЕМ кој ја покрива Југоисточна Европа (ЈИЕ). Распределбата на капацитетот на интерконекторите и управување со задушувањата на интерконекторите се користени како пример во овој труд, да се покаже дека и РЕМ од ЈИЕ се занимава со истите приоритетни прашања како и другите РЕМ, и дека овој осми РЕМ бележи прогрес и покрај краткото време на своето постоење. Со оглед на членството во ЕУ, кое е перспектива на земјите од ЈИЕ, се очекува дека и РЕМ од ЈИЕ наскоро ќе стане дел од внатрешниот пазар на електрична енергија.

– *KAROVA, R. Atinski Proces - Instrument za Uvodjenje Energetskog Acquis-a Evropske Unije u Zemlje Zapadnog Balkana, Pravo i Privreda, godina XLVIII, broj 4-6, 2011, pp.447-462*

*Овој труд се фокусира на Енергетската заедница, како пример на регионална соработка меѓу* земјте од ЈИЕ во областа на енергетиката. Целта на Договорот за основање на Енергетската заедница е создавање на регионален пазар на енергија која подоцна треба да биде интегриран во европскиот внатрешен енергетски пазар. Овој труд ги анализира и причините за почеток на Атинскиот процес и потпишување на Договорот за основање на Енергетската заедница.

– *KAROVA, R. and BOTTA, M., Five Years Enforcement of the Competition Law in the Republic of Macedonia - Time for an Assessment, Mediterranean Competition Bulletin, published by the European Commission, No.2, November 2010*

*Целта на овој труд е да даде придонес во дискусијата за влијанието на ЕУ кон развојот на* модел на закон за конкуренција во земјите од ЈИЕ. Посебно овој труд го анализира процесот на воведување на Законот за конкуренција во Република Македонија. Целта на трудот е да оди подалеку од законодавната анализа и оценка на компатибилноста на македонското законодавство за конкуренција со законодавството на ЕУ. Овој труд има за цел оценување на имплементацијата на овој закон во текот на првите пет години од неговото постоење. Анализата на предизвиците со кои се соочува Комисијата за заштита на конкуренција во спроведувањето на овој закон обезбедува лекции за други институции од регионот надлежни за заштита на конкуренција, кои се соочуваат со слични проблеми во спроведувањето европското законодавство за конкуренција на национално ниво.

***Поглавја во книги***

– *KAROVA R., The Energy Community: Regional Ownership of an Integration Initiative in South East Europe, pp.313 - 342. in Cerovic Božidar, Uvalic Milica (eds.), Western Balkans' Accession to the European Union. Political and Economic Challenges, published by the Faculty of Economics of the University of Belgrade - Publishing Centre, 2010, ISBN 978-86-403-1100-7*

*Овој труд се фокусира на процесот на воспоставување на нов регионален пазар на електрична енергија (РЕМ) во Југоисточна Европа (ЈИЕ). Анализата покажува дека ова е* добар пример на интрарегионалната соработка меѓу земјите од Западен Балкан, која е една од темите на книгата во која овој труд е објавен. Покрај тоа, овој труд има за цел да се обиде да го пополни јазот во постоечката литература во која не постои анализа на разликите помеѓу РЕМ од ЈИЕ и други регионални иницијативи во областа на енергетиката во Европа.

– *HUNT, M., and KAROVA, R., The Energy Acquis under the Energy Community Treaty and the Integration of South East European Electricity Markets: An Uneasy Relationship? To be published in B. DELVAUX, M. HUNT and K. TALUS, "EU Law and Policy Issues", ELRF Collection, 2 Ed., (Brussels: Euroconfidentiel, 2009)*

*Овој труд има за цел обезбедување јасна слика за процесот зад Договорот за основање на* Енергетската заедница, нејзината шравна основа, како и адекватноста на оваа нова иницијатива. Всушност, Договорот е склучен врз основа на верувањето дека европското acquis може да биде повикано со цел да се создаде регионален пазар на енергија во ЈИЕ. Еднаш воспоставен, овој регионален пазар ќе биде интегриран во поширокиот европски внатрешен пазар на енергија. Иако процесот е привлечен и едноставен на хартија, голем број на прашања се поставуваат за неговата спроведливост. Со оглед на специфичниот случај на електричната енергија, овој труд ги нагласува границите на сегашната европска регулаторнарамка во однос на остварување на ефикасен европски пазар на електрична енергија. Исто така, овој труд ги анализира и тешкотиите кои постојат и ограничувањата на појавата на регионален пазар на електрична енергија во ЈИЕ. Преку споредба на европскиот внатрешен пазар на електрична енергија и ситуацијата што преовладува во земјите од ЈИЕ, оваа студија ја анализира кохерентноста на Енергетската заедница.

– *KAROVA, R., Ukraine: the Borderland between the East and the West, In VAN DER VIJVER T. (eds), The European Union and Its Neighbours. Honour Class Collected Essays, Universiteit Leiden (2007). Page 51-67.*

*Етимологијата на името на државата Украина сугерира дека е изведен од значењето на* зборот «ukraja», што значи погранична, граница. Насловот на овој текст е инспириран од таа симболична вредност на името на Украина и се однесува на прашања кои ќе бидат анализирани во овој труд. Имено, дали Украина има јасно дефинирана цел за начинот на кој ќе ја спроведува својата надворешна политика, односно дали вистинската цел за Украина е стекнување членство во ЕУ или поблиска интеграција, под раководство на нејзиниот источен сосед, Русија. Заради одговарање на тоа прашање најпрвин ќе биде даден осврт на односите на Украина со поранешниот советски блок и ЕУ. Потоа, позицијата на ЕУ кон аспирациите за членство на Украина ќе бидат наведени, а потоа анализата ќе продолжи со решавање на позицијата на Украина - поделена меѓу ЕУ и Русија, со Портокаловата револуција како клучен настан во поновата историја на земјата. На крајот ќе бидат презентирани заклучоци.

***Работни академски трудови***

– *CAFAGGI, F., CHEREDNYCHENKO, O., CREMONA, M., CSERES, K., GORYWODA, L., KAROVA, R., MICKLITZ, H., PODSTAWA, K., Europeanization of private Law in Central and Eastern Europe Countries (CEECs): Preliminary Findings and Research Agenda, Law Department EUI Working Paper, No. 15, 2010*

Од своето создавање, ЕУ има доживеано разни проширувања. Овој труд анализира какво влијание имаат претходните проширувања на националните системи на приватно право. Тоа е важно прашање, бидејќи во тек се преговори за членство со Хрватска и Турција, а исто така други земји (Македонија, Босна и Херцеговина, Албанија Србија и Црна Гора, Украина и Молдавија) се заинтересирани за влез во ЕУ. Учење од претходното искуство може да помогне во структурирање на подобар модел на европеизацијата. Но поширокото прашање кое овој труд го разгледува е дали процесот на „европеизација“ на приватното право во Централна и Источна Европа може да се смета за завршен со членство во ЕУ или „регионални политики“ се потребни за да се контекстуализира имплементација на европското правото во овие земји.

– *KAROVA, R. Rationale behind the establishment of the Energy Community, Law Department EUI Working Paper, No. 14, 2010*

Овој труд се занимава со Енергетската заедница основана помеѓу земјите од Југоисточна Европа (ЈИЕ) и Европската унија (ЕУ). Таа служи како пример за извоз на европското законодавство во земјите од ЈИЕ, пред подоцна да станат полноправни членки на ЕУ. Особено, трудот го анализира образложението што стои зад формирањето на Енергетската заедница. Резултатот е дека за разлика од преземените реформи во Централна и Источна Европа, кои беа фокусирани на економски реформи, земјите од ЈИЕ мораа да поминат низ процес на закрепнување од политичките конфликти и војни што се случија во 90-тите години на минатиот век.

Овој труд потврдува дека постојат силни движечки сили на двете страни, што доведе до развој на идејата за воспоставување регионален пазар на електрична енергија во ЈИЕ и сега се развива со спроведување на Договорот за основање на Енергетската заедница во пракса. Енергетската заедница, од една страна, придонесува за постигнување на три главни цели на енергетската политика на ЕУ: конкурентност, сигурност на снабдување и одржливост. Од друга страна, перспективата за членство на земјите од ЈИЕ е главната мотивација и стимул за вклученост на земјите од ЈИЕ во целиот проект.

– *KAROVA, R., Energy Community for South East Europe: Rationale behind and Implementation to date, RSCAS Working Paper No.12, 2009*

*Европската комисија и Пактот за стабилност го започнаа Атинскиот процес во 2002 година*. Договорот за основање на Енергетската заедница, со цел создавање на регионален пазар на енергија во Југоисточна Европа (ЈИЕ), беше потпишан во 2005 година. Целта на овој труд е да даде преглед на националните и реформите на регионално ниво во електроенергетските системи во ЈИЕ, но и да истакне каде реформите не се комплетни и каде напредок е сè уште потребен со цел да се постигне основање на функционален пазар за електрична енергија.

***Листа на трудови презентирани на работилници и конференции***

20-23 март 2013, конференција/ работилница

14th Mediterranean Research Meeting: Workshop 14: Regulatory Implants and Local Legal Regimes in the Mediterranean Region EUI Mediterranean Programme, RSCAS and University of Mersin, Turkey, Наслов на труд/презентација Public Service Obligation Provision as a Regulatory Tool: End-users' Electricity Price Regulation in the Energy Community as a study

8 март 2013, конференција/ работилница

Vienna Forum on European Energy Law, Energy Community Secretariat and Florence School of Regulation, Vienna, How far can Member States go to derogate from Third Package obligations and maintain price controls?

11 април 2012, конференција/ работилница

Second Jean Monnet Seminar in European Union Law, Институција Kyiv-Mohyla Academy, Kyiv (Ukraine), Keynote speech: Implementation and Application of Energy Community Law in the Contracting Parties of the Energy Community

21-24 март 2012, конференција/ работилница

13th Mediterranean Research Meeting; Workshop 05: Regional Energy Initiatives:

MEDREG and the Energy Community, Институција EUI Mediterranean Programme - RSCAS, Florence and Montecatini Terme, наслов на труд/презентација-Director of workshop

16 февруари 2012, конференција/ работилница

Workshop on Consumer Protection in Europe, Институција International Energy Network Regulation and Acquirente Unico, Florence (Italy), Energy Community Regulatory Board: Regional approach to consumer protection

2-4 октомври 2011, конференција/ работилница, MAKO CIGRE, International Council on Large Electric Systems: Macedonian National Committee, Ohrid (Macedonia), Keynote speech: Regional Cooperation

9-10 мај 2011, конференција/ работилница

Competition Law and Economics European Network (CLEEN) Conference, Институција

European University Institute, Florence (Italy), наслов на труд/презентација Capacity reservations at electricity interconnectors

25-27 мај 2011, конференција/ работилница

XX Meeting of Business Lawyers in Serbia, Институција Association of Lawyers, Vrnjacka Banja (Serbia), наслов на труд/презентација Athens Process – Instrument for introducing the EU energy acquis in the Western Balkans

13 април 2011, конференција/ работилница

14th Eurasian Economic Summit, Институција The Marmara Foundation, Istanbul (Turkey), Наслов на труд/презентација, Benefits and advantages of regional energy cooperation: The Energy Community Experience

24-27 март 2010, конференција/ работилница

11th Mediterranean Research Meeting; Workshop 16: Integrating the Western Balkans into the European Union: Overcoming the Political and Economic Constraints, Институција EUI Mediterranean Programme - RSCAS, Florence and Montecatini Terme, наслов на труд/презентација, The Energy Community - the Eight Regional Electricity Market in Europe

14-15 мај 2009, конференција/ работилница

Competition Law and Economics European Network (CLEEN) Conference, Институција Tilburg University (the Netherlands), Наслов на труд/презентација South East Europe, the 8th Regional Electricity Market in Europe: Exporting the Energy Acquis outside of the EU

5-6 февруари 2009, конференција/ работилница

EU Enlargement and Institutional Reforms in Southeast Europe Name of the institution Research College "The Transformative Power of Europe", Институција Otto-Suhr-Institute for Political Science, Freie Universitat Berlin (Germany), наслов на труд/презентација, Energy Community: Rationale Behind and Establishment of the Regional Electricity Market in South East Europe

11 – 13 јуни 2008, конференција/ работилница

Competition Law and Economics European Network (CLEEN), Институција Centre for Competition Policy, University of East Anglia, Norwich (UK), Наслов на труд/презентација Energy Community for South East Europe: Implementation to Date and Open Questions.

Кандидатката остварува редовно учество на настани (институционални состаноци, работилници и конференции) организирани од Енергетската заедница.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на гореизнесеното и добиениот впечаток од разгледувањето на поднесената документација, Комисијата смета дека д-р Розета Карова е млад научен работник кој се развива во солиден и перспективен научен работник и има потенцијал да даде придонес во развојот на Правниот факултет. Кандидатката ги задоволува сите стручни и наставно-научни услови, поставени врз основа на позитивните законски прописи, за избор во насловното звање доцент за наставно-научната област право на Европската унија на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

Врз основа на изнесеното, Рецензентската комисија има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип да ја избере д-р Розета Карова во насловно звање доцент за наставно-научната област право на Европската унија на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев» во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Љупчо Сотироски, доцент, с.р.**
**Д-р Јован Ананиев, вонреден професор, с.р.**
**Д-р Борка Тушевска, доцент, с.р.**

## П Р И Л О Г

**Табела за вреднување на активностите на д-р Розета Карова, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип**

| Вид на активност | Број | Поени | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Б) НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА (НИ) ДЕЈНОСТ:** | | | |
| **Монографија** - *KAROVA, R. Liberalization of Electricity Markets and Public Service Obligations in the Energy Community, ISBN/ISSN 9041138498, Kluwer Law International, February 2012* | 1 | 10 | 10 |
| **Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник од трудови на научен собир:** | 3 | 2 | 6 |
| **Пленарно предавање на научен собир**: | 16 | 6 | 96 |
| **Секциско предавање на научен собир:** | | | |
| Одбранета докторска теза | 1 | 8 | 8 |
| Одбранет магистерски труд | 1 | 4 | 4 |
| **Раководител на научен проект** | | | |
| | | | |
| Студиски престој во странство | 1 | 8 | 8 |
| В) **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА И ОРГАНИЗАЦИСКО-РАЗВОЈНА (САОР) ДЕЈНОСТ** | | | |
| **Книга**: | | | |
| **Поглавје од книга:** | 3 | 4 | 12 |
| **Труд во стручно списание**: | 6 | 2 | 12 |
| **Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир**: | | | |
| **Учесник во научен проект** | 1 | 5 | 5 |
| **Техничко унапредување**: | | | |
| **ВКУПНО** | | | 161 |